# ПРОЕКТ ФИНАНСИСКА ЕДУКАЦИЈА

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# ШТЕДЕЊЕ И КРЕДИТИРАЊЕ

Во секојдневната практика и комуникација во областа на економијата и финансиите често се спомнуваат термините штедење и кредитирање. Но што всушност претставуваат овие два поима?
Со парите што ги имаме може да купуваме, да плаќаме, но може и да штедиме.
Во Народната банка на Република Македонија не може да се штеди.
Може да се штеди во сите други приватни комерцијални банки, а секој штедач си добива своја штедна книшка.
Парите што штедачот ги вложува во банката, односно на својата штедна книшка, се нарекуваат депозит, а за вложените пари банката исплаќа камата. Каматата е поголема кога се штеди во денари, а помала кога се штеди во странски валути (евра, долари и др.) Каматата е поголема за орочени средства на подолг рок, а помала за орочени средства на покус рок.

Но, сигурно сте ги слушнале возрасните кога велат дека ќе земат или ќе подигнат кредит од некоја банка. А тоа значи дека ќе позајмат пари од банката, а нив мора да ги вратат за одредно време. Но, тогаш тие плаќаат камата на банката. Каматата е повисока доколку кредитот треба да се врати на подолг рок и обратно.

Значи, кога вложуваме паричен депозит во банка, банката ни плаќа камата, а кога земаме кредит од банка, тогаш ние ѝ плаќаме камата на банката.
За да не се доведеме во ситуација да земаме кредит од банка, треба правилно да ги трошиме парите што ги имаме, но и да штедиме.
Затоа што кој штеди – тој има.
Штедете и вие за вашата иднина.





Илустрации: Ивона Мицевска

Наградно прашање: Дали може да се штеди во Народна банка на Р. Македонија?

Купон

НАШ СВЕТ (кредитирање)
ДЕТСКА РАДОСТ
ПРОСВЕТНО ДЕЛО
ул. „Димитрие Чуповски“, бр.15
1 000 Скопје

Точниот одговор на прашањево (заедно со вашето име, презиме, одделение, училиште и град) испратете го на нашата адреса најдоцна до 17 мај.
Тројца најсреќни учесници ќе добијат награда, а нивните имиња ќе ги објавиме во НАШ СВЕТ бр. 35.